# Две тепачки пред угостителски објект во Скопје, приведен 18-годишен скопјанец кој се заканувал со пиштол

September 7, 2025 19:52 in ДЕНЕС, ХРОНИКА




Share on Facebook | Share on Twitter

Приведен е 18-годишен скопјанец кој пред угостителски објект во Скопје учествувал во две одделни тепачки, а во едната извадил и пиштол, но бил совладан од обезбедувањето на објектот по што му бил одземен пиштолот.

Министерството за внатрешни работи денеска соопшти дека 18-годишниот М.К. е приведен синоќа 20 минути по полнок.

– Според пријавеното, пред угостителскиот објект бил нарушен јавниот ред и мир со физичка пресметка помеѓу него и М.З.(20) и А.И.(19) од Скопје, од друга страна. Исто така, според пријавеното, во одделен случај пред истиот угостителски објект, настанала физичка пресметка помеѓу М.К. од една страна и А.И. и С.Х.А.(21) од друга страна,  при што М.К. извадил пиштол и го вперил кон нив, но бил совладан од обезбедувањето на објектот и пиштолот му бил одземен, стои во информацијата од МВР.

По целосно документирање на случајот, како што најавува МВР, ќе следуваат соодветни пријави.













## НАЈНОВО


Намален бројот на барања за азил во ЕУ, Германија повеќе не е главна дестинација
SEPTEMBER 8, 2025


Летонија нареди 841 руски државјанин да ја напуштат земјата
SEPTEMBER 8, 2025


Петмина повредени во сообраќајка на патот Мавровска крстосница – Гостивар
SEPTEMBER 8, 2025

## НАЈЧИТАНО

01 Рама: Туристите од Албанија, Косово и Македонија што зборуваат албански се претставуваат како најголеми патриоти, а се најголеми загадувачи на албанските плажи

02 Петмина повредени во сообраќајка на патот Мавровска крстосница – Гостивар

03 Атанасовски за Сител: Очекувам победа на Герасимовски во Центар

04 Руската хибридна војна против Европа (1): Европа конечно признава дека е нападната

05 Македонија со вмро е како проститутка на масажа во салонот на Мевосекот